| | |
|---|---|
| Врз основа на чл. 353 ст.1 т.1, член 358, член 383 ст.1 т.2, член 384 ст.2 и член 490 од Законот за трговски друштва и чл. 34 и чл. 44 т. 14 од Статутот на Цементарница УСЈЕ АД Скопје (Компанијата), Одборот на Директори без одржување на седница на ден 22.04.2024 година донесе | Pursuant to Article 353 par. 1 item 1, Article 358, Article 383 par.1 item 2, Article 384 par. 2 and article 490 of the Trade Companies' Law and Articles 34 and 44 item 14 of the Statute of Cementarnica Usje AD Skopje (the Company), the Board of Directors without holding a session on 22.04.2024 adopted the following |
| **ПРЕДЛОГ ОДЛУКА**<br>За распределба на добивката остварена по Годишната сметка и Финансиските извештаи за финансиската 2023 година | **DRAFT DECISION**<br>For profit distribution generated according to the Annual account and Financial Statements for the financial year 2023 |
| **Член 1**<br>Компанијата оствари добивка за финансиската 2023 година во износ од 1.509.491.955,00 денари. | **Article 1**<br>The Company made profit for the financial year 2023 in the amount of MKD 1.509.491.955,00. |
| Добивката остварена за 2023 година да се распредели за:<br>- Дивиденда на акционерите во износ од 1.098.327.991,00 денари и<br>- Реинвестирана добивка во износ од 411.163.964,00 денари. | The profit made in 2023 is to be distributed as follows:<br>- Shareholders' dividend in amount of MKD 1.098.327.991,00 and<br>- Reinvested profit in the amount of MKD 411.163.964,00. |
| Реинвестираната добивка од 2017 година која може да се распредели во 2024 година изнесува 263.210.364,00 денари. | The reinvested profit from 2017 available for distribution in 2024 is in the amount of MKD 263.210.364,00. |
| Вкупниот износ за распределба на дивиденда на акционерите изнесува 1.361.538.355,00 денари односно 2.415,00 ден. за една акција. | The total amount of shareholders' dividend for distribution is MKD 1.361.538.355,00 i.e., MKD 2.415,00 per share. |
| **Член 2**<br>Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2023 година е 10.06.2024 година. | **Article 2**<br>The last day to dividend trading right for the year 2023 shall be 10.06.2024. |
| Прв ден на тргување без право на дивиденда за 2023 година е 11.06.2024 година. | The first day for trading without the right to dividend for the year 2023 shall be 11.06.2024. |
| Датум на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда е 12.06.2024 година. | The registry date based on which the list of dividend-entitled shareholders is distributed is 12.06.2024. |
| Исплатата на дивиденда ќе се изврши најдоцна до 30.09.2024 година. | The payment of the dividend shall be carried out until the 30.09.2024 at the latest. |

| | |
|---|---|
| **Член 3**<br>Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.<br><br>**Член 4**<br>Предлог Одлуката за распределба на добивката остварена по Годишната сметка и Финансиските извештаи за финансиската 2023 година да се достави до Собранието на акционери заради донесување.<br><br>Д.Н.<br>- *Архива*<br>- *Сектор за финансии*<br>- *Правна служба* | **Article 3**<br>This Decision comes into force on the day of its adoption.<br><br>**Article 4**<br>The draft decision for profit distribution according to the Annual account and Financial Statements for the financial year 2023 is to be sent to the Shareholders assembly for its adoption.<br><br>To be sent to:<br>- *Archive*<br>- *Finance department*<br>- *Legal Section* |

**Одбор на директори/Board of Directors**
**Претседател/President**
Марио Брачи / Mario Bracci
___________________________